[redacted]

ДО
ОПШТИНА БИТОЛА

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 31-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

1353

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 01-11-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 1251 | | |

**БАРАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Почитувани,

Од вас основано е Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола-ЈППЈЛП Битола.

Од вас бараме да ни издадете Одлука за утврдување на цени, услуги, и надоместоци на јавни паркиралишта во Општина Битола со сите нејзини измени, и исто така да не известите дали има правилник за користење на јавните паркиралишта, и доколку постојат истите да ни бидат доставени.

Битола,
31.10.2023

Полномошник

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Благица Василевска
Раководител на одделение за правно-нормативни работи

Бр.11-125/2
02.11.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-125/2 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примено
02.11.2023

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-сл./1
07.11.2023 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 08-11-2023
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
125/3

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-125/2 од 02.11.2023 година**

Почитувани,

Постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено о[redacted]д Бр.11-125/1 од 01.11.2023год., Во прилог Ви ги доставуваме Решенијата за давање согласност на Одлуките за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола, донесени од Општина Битола и Одлуките за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола, донесени од Управниот одбор на ЈППЈЛП.

Исто така Ве известуваме дека во Советот нема донесено Решение со кое се дава согласност на Правилник за користење на јавните паркиралишта.

Прилог:
-Решение Бр.09-101/26 од 01.08.2019 година.
-Одлука Бр.02-59/7 од 22.07.2019год.
-Решение Бр.09-145/9 од 15.10.2019 година.
-Одлука Бр.02-182/5 од 30.09.2019год.
-Решение Бр.09-200/47 од 27.12.2022 година.
-Одлука Бр.02-283/3 од 19.12.2022год.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.10.2019 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола на ЛП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, донесена на Управен одбор бр.02-182/5 од 30.09.2019 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр. 09-145/9
15.10.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Валентин Груевски

бр. 02-482/5

30.09

Врз основа на член 22 од Статутот на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, на ден 30.09.2019 година Управниот одбор ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За изменување и дополнување на**

**одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола**

I

Се усвојува Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на цени и услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола.

II

Се врши измена на член 6 во дел ПКВЛ (паркинг карта за вработено лице), во делот на месечен надоместок со ДДВ (ден) за ЗОНА Б вредноста од 1300 се заменува со 650, во делот на месечен надоместок со ДДВ (ден) ЗОНА Ц вредноста 1300 се заменува со 650.

Се брише ставката ПКСВ.

| Паркинг карта | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
| ПКВЛ | 1300 | 650 | 650 |

III

Се врши измена и дополнување на член 9 се брши постоечката табела и се додава нова.

| Паркинг карта | Годишен надомест со ДДВ (ден) | Годишен надомест со ДДВ (ден) | Годишен надомест со ДДВ (ден) |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
| ПКК 1 возило | 2200 | 2200 | 2200 |
| ПКК 2 возила | 3300 | 3300 | 3300 |
| ПКВЛ | 13200 | 7000 | 7000 |
| ПКПЛ | 22000 | 22000 | 8000 |
| ВИП | 35000 | 33000 | 16500 |

IV

Одлуката стапува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува со усвојување од страна на Совет на Општина Битола.

Да се достави до:

Архива

Директор

Претседател на УО

До Совет на Општина Битола

Битола

30.09. 2019 год.

Претседател на УО

Љиљана Обедниковска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„бр.38/96...275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката
за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта
во Општина Битола (ЛППЈЛП Битола)

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола (ЛППЈЛП Битола), донесена на Управен одбор бр.02-283/3 од 19.12.2022 година.

2. Решението влегува во сила наредниот ден по објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-200/47
27.12.2022 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ ЗА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА

Бр. 02-283/3

19.12. 20 22 год.

Битола

2

ЈППЈП Битола

Врз основа на член 23 од Статутот на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола – Битола, Управниот одбор на јавното претпријатие на ден 19.12.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

За изменување и дополнување на одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола

I

Се усвојува Одлуката за изменување и дополнување одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола.

II

***Се врши измена и дополнување на член 2*** – се воведува нова паркинг карта 3 часа во зона А и зона Б за јавните паркиралишта од отворен тип. Се укинува за сите зони бесплатни 15 минути за јавните паркиралишта од отворен тип.

Цена за паркирањето на патничко моторно возило во зонско паркирање
***(Јавни паркиралишта од отворен тип)***

**Зона А**

- *30 денари / 2 часа , секој нареден час 25 денари*
- *40 денари / 3 часа, секој нареден час 25 денари*

**Зона Б**

- *20 денари/ 2 часа, секој нареден час 20 денари*
- *30 денари / 3 часа секој нареден час 20 денари*

**Зона Ц**

- *30 денари / паркирање цел ден*

Цена за паркирањето на патничко моторно возило во зонско паркирање
***(Јавни паркиралишта од затворен тип)***

- Зона А – 30 денари / 2 часа, секој нареден час 25
- Зона Ц- 30 денари / паркирање цел ден.

Јавните паркиралишта од затворен тип првите 15 минути се бесплатни, под услов возилото да го напушти паркинг просторот пред 15 -тата минута

III

***<u>Се врши измена и дополнување на член 6</u>*** се брише постоечката табела и се додава нова. Се врши измена во Зона Ц намалување на цената на повластена карта за период од еден месец за ПКВЛ (повластена карта за вработено лице во делот на месечниот надоместок вредноста од 1300 се заменува на 500 и во делот на ПКПЛ (повластена карта за правно лице делот на месечниот надоместок вредноста од 1000 се заменува на 700

Цена за користење на повластена паркинг карта за период од еден месец:

| Паркинг карта | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
| ПКЖ за 1 возило | 200 | 200 | 200 |
| ПКЖ за 2 возило | 300 | 300 | 300 |
| ПКВЛ | 1300 | 650 | 500 |
| ПКПЛ | 2000 | 1500 | 700 |
| ПКИЛ | 0 | 0 | 0 |
| ВИП | 5000 | 3000 | 1500 |

IV

Се врши измена на член 7 се брише постоечката табела и се додава нова. Се врши измена намалување на цената на дневната карта во зона А и Б. Во зона А вредноста од 250 се заменува со 150, во зона Б вредноста од 200 се заменува со 150.

За потребите од целодневното користење на паркинг просторот се воведува дневна карта

Цена на дневна карта за користење на паркинг простор:

| Паркинг карта | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
|---|---|---|---|
| Дневна карта ДК | 150 | 130 | 30 |

V

Се врши измена на член 7 се брише постоечката табела и се додава нова.

Цена на годишна повластена паркинг карта:

| Паркинг карта | Годишен надоместок со ДДВ (ден) | Годишен надоместок со ДДВ (ден) | Годишен надоместок со ДДВ (ден) |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
| ПКЖ за 1 возило | 2200 | 2200 | 2200 |
| ПКЖ за 2 возило | 3300 | 3300 | 3300 |
| ПКВЛ | 13200 | 7000 | 5000 |
| ПКПЛ | 22000 | 7000 | 7000 |
| ВИП | 55000 | 33000 | 16500 |

VI

Одлуката стапува во сила со нејзиното донесување,а ќе се применува со усвојување од страна на Советот на Општина Битола.

Битола, 19.12.2022

Да се достави до:

-Совет на Општина Битола

- Управен одбор

-Архива

-Директор

Претседател на УО

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.07.2019 г. и продолжението на истата одржана на 01.08.2019 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола бр.02-59/7 од 22.07.2019 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 09-101/26
01.08.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 23 од Статутот на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, на ден 22.07.2019 година Управниот одбор за донесе следната:

# ОДЛУКА

## За утврдување на цени на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола

Член 1

Цените на услуги и надоместоци се однесуваат сите паркиралишта на територијата на Општина Битола поделени во три зони Зона А, Зона Б и Зона Ц.

Член 2

Цена за паркирање на патничко моторно возило во зонско паркирање:

- Зона А - 30 ден / 2часа, секој нареден час 25 ден;
- Зона Б - 20 ден / 2 часа, секој нареден час 20 ден;
- Зона Ц - 30 ден/паркирање цел ден.

За сите зони првите 15 мин се бесплатни, под услов возилото да го напушти паркинг просторот пред 15-тата минута.

Член 3

За повластено паркирање се воведуваат следните видови на повластени карти:

- ПКЖ - повластена карта за жител;
- ПКВЛ - повластена карта за вработено лице;
- ПКСВ – повластена карта за службено возило;
- ПКПЛ – повластена карта за правно лице;
- ПКИЛ – повластена карта за инвалидизирано лице;
- ВИП А - вип карта за зона А;
- ВИП Б - вип карта за зона Б;
- ВИП Ц - вип карта за зона Ц;
- ДК А - дневна карта за зона А;
- ДК Б - дневна карта за зона Б.

Член 4

Право на повластено користење на паркинг простор имаат станирите од колективните и од индивидуалните домаќинства кои живеат во определената подзона, како и правните и физичките лица кои имаат седиште на правното лице во определената подзона.

Повластената парконг карта се издава врз основа на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта ППК, донесен од страна на УО на јавното претпријатие.

Член 5

Од плаќање на надомест се ослободуваат лицата со инвалидитет со признато оштетување за кое поседуваат инвалидска книшка, обележаните службени возила на брза помош, полиција и возилата за противпожарна заштита.

Член 6

Цена за користење на повластена паркинг карта за период од еден месец:

| Паркинг карта | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) | Месечен надомест со ДДВ (ден) |
|---|---|---|---|
| | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
| ПКЖ за 1 возило | 200 | 200 | 200 |
| ПКЖ за 2 возило | 300 | 300 | 300 |
| ПКВЛ | 1300 | 1300 | 1300 |
| ПКСВ | 1300 | 1300 | 1300 |
| ПКПЛ | 2000 | 1300 | 1000 |
| ПКИЛ | 0 | 0 | 0 |
| ВИП | 5000 | 3000 | 1500 |

Член 4

За потреби од целодневно користење на паркинг простор се воведува дневна кара.

Цена на дневна карта за користење на паркинг простор:

| Паркинг карта | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
|---|---|---|---|
| Дневна карта ДК | 250 | 200 | 30 |

Член 5

Возилата за кои нема да се изврши уплата на услуга за паркирање, а се задржат повеќе од 15 минути, ќе бидат блокирани на предно лево тркало со маханичко средство блокатор на тркало.

Цена за механичко средство – блокатор:

| Мех. средство | ЗОНА А | ЗОНА Б | ЗОНА Ц |
|---|---|---|---|
| Блокатор | 500 | 500 | 500 |

Член 6

За користење на годишна услуга на паркиг просторот се воведува годишна повластена паркинг карта.

Цена на годишна повластена паркинг карта:

| Паркинг карта | Годишен надомест со ДДВ (ден) |
|---|---|
| ПКЖ 1 возило | 2200 |
| ПКЖ 2 возило | 3300 |
| ПКВЛ | 13200 |
| ПКСЛ | 13200 |
| ПКПЛ | 22000 |
| ВИП А | 55000 |

| | |
|---|---|
| ВИП Б | 33000 |
| ВИП Ц | 16500 |

Член 7

Паркирањето на комбиња, минибуси и автобуси се врши исклучиво во затворениот паркинг простор на локација кај спортска сала Боро Чурлевски.

Цена на услуга за паркирањето на комбињата и автобуси:

| Паркинг карта | До 2часа (со ДДВ) | Над 2 часа (со ДДВ) |
|---|---|---|
| комбе | 100 | 200 |
| автобус | 200 | 300 |

Член 8

Се забранува паркирање на товарни возила и камиони, фургон возила, цистерни, влекачи, приколки и полуприколки и др. тешки товарни возила на паркинг простор во зона А, Б и Ц.

Член 9

Возилата на електричен погон и хибридните возила се ослободуваат од надомест за паркирање во сите зони.

Битола

Јули, 2019 год

Претседател на УО

Љиљана Обедниковска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-125/3
08.11.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **Одлука за утврдување на цени, услуги и надоместоци на јавни паркиралишта во Општина Битола ( детален опис на барањето во прилог на Решението).**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-125/1
2. Допис до Раководител на Одделение за правно-нормативни работи со бр. 11-125/2 од 02.11.2023 година.
3. Одговор од Одделение за правно-нормативни работи со бр. 11-125/3 од 08.11.2023 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 08.11.2023 година, под бр. 11-125/3.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

____________________________

**Евгенија Чукалева**

____________________________